# СООПШТЕНИЕ ЗА МЕДИУМИ

***ЗА ОБЈАВУВАЊЕ ВЕДНАШ***
14 март 2017 год.
Канцеларија за комуникации:
Телефон: +389 2 310 2314
Мобилен телефон: +389 (0)70 367 547
Е-пошта: bvelickovska@usaid.gov
Контакт на проектот:
Телефон: +389 (0)2 3213 513
Факс: +389 (0)2 3213 513
Мобилен телефон: +389 (0)70 254 776
Е-пошта: gfilkov@ccc.org.mk

**Унапредување на јавните тендери**

На завршната конференција „Јавните набавки во Македонија: искуства и предлог-законски решенија за нивно подобрување“ во Скопје, проектот на УСАИД за пристап на микропретпријатијата до јавните набавки ги претстави предлозите за законски измени за унапредување на јавните набавки.

На конференцијата учествуваа претставници на договорните органи, економските оператори, бизнис-здруженијата, надлежните органи, невладините организации, како и меѓународните институции кои дискутираа за предлозите и за потребата од натамошно унапредување на законската рамка за поефикасно искористување на јавните средства. На конференцијата ќе се одбележи и затворањето на проектот на УСАИД за пристап на микропретпријатијата до јавните набавки (2012-2017).

„Во текот на изминатата деценија УСАИД, во соработка со Владата на Македонија, работи за зајакнување на системот за јавни набавки правејќи го пофункционален, транспарентен и инклузивен. Во 2007 година, УСАИД работеше заедно со Бирото за јавни набавки на модернизирање на Законот за јавните набавки. Ние, исто така, му помогнавме на Бирото за јавни набавки да го зајакне својот капацитет со формирање на Центар за обука на професионалци во јавните набавки и воведување на најсовремен електронски систем за набавки што во тоа време ја направи Македонија лидер во Европа.

Суштината на помошта од САД е во партнерствата, како што се овие со Владата на Македонија, односно зајакнување на институциите и создавање на мерливи влијанија, кои ѝ помагаат на Македонија да ги постигне своите национални цели. Во изминатите пет години, во партнерство со Центарот за граѓански комуникации, УСАИД обезбеди помош за повеќе од 700 микропретпријатија низ Македонија, зголемувајќи го нивниот пристап до системот на јавни набавки. Како резултат на овој проект, овие микропретпријатија добиле тендери во вредност од шест милиони евра. Ова влијаеше врз растот на овие мали бизниси и создавање на многу нови работни места, а со тоа и зајакнување на приватниот сектор во Македонија", рече директорот на мисијата на УСАИД во Македонија, Џејмс Стајн.

Проектот на УСАИД оспособи повеќе од 700 микропретпријатија од сите региони во земјата за поголемо учество на пазарот на јавните набавки преку серија од 50 специјализирани обуки, 4.100 секојдневни асистенции (при регистрација, подготовка на тендерската документација, учество на е-аукции и е-набавки итн), четири специјализирани прирачници и веб страница за навремено информирање и подготовка за учество на тендери.
Покрај тоа, на повеќе од 500 локални договорни органи им беа понудени конкретни мерки за намалување на административниот товар и на другите пречки со цел микропретпријатијата да можат да имаат поголеми шанси да се натпреваруваат рамноправно со поголемите компании за јавните договори.

БЕЛЕШКА ДО УРЕДНИЦИТЕ

Американскиот народ, преку УСАИД, има инвестирано преку 610 милиони долари во Македонија од 1993 година. УСАИД работи со луѓето во Македонија на создавање работни места, развивање демократски институции и практики, подобрување на интегрираното образование и подготвување на учениците за работна сила. Овие иницијативи го подобруваат квалитетот на животот и ја поддржуваат транзицијата на Македонија кон стабилна и просперитетна демократија. УСАИД обезбедува економска и хуманитарна помош во повеќе од 100 земји. За повеќе информации, ве молиме посетете ги веб-страната на УСАИД Македонија и Facebook страната на УСАИД Македонија.

Проектот на УСАИД за пристап на микропретпријатијата до јавните набавки работи на зголемување на свесноста на малите и микропретпријатијата за можностите што ги нуди пазарот на јавните набавки; снабдување на овие претпријатија со знаење, вештини и способност за учество на тендерските постапки, како и помош на договорните органи во намалувањето на административните пречки што го оневозможуваат влезот на малите и микропретпријатијата на пазарот на јавни набавки. Проектот го спроведува центарот за граѓански комуникации.